РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ



# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за заверка на летен семестар 2023/2024 и упис на зимски семестар 2024/2025

Заверката на летниот семестар 2023/2024, како и запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година за студентите запишани на **прв циклус** студии (**освен за упис во прв семестар**) на Машинскиот Факултет - Скопје ќе ги содржи следниве чекори:

1. **Електронско пријавување од 24.9. до 02.10.2024 година**
2. **Доставување на документите од 25.9 до 02.10.2024 година** во Одделението за студентски прашања.

1. **Електронско пријавување од 24.9. до 02.10.2024 година**

Во системот iKnow (www.iknow.ukim.edu.mk) секој студент треба да го запише зимскиот семестар 2024/2025 и да ги избере соодветните предмети. По наведениот термин можноста за електронско пријавување на семестар преку системот – iKnow се затвора и студентот ќе може да го запише семестарот административно, со доставување на уплата за задоцнето запишување на семестар на жиро сметка на МФС од **1500 ден**. (Ценовник)

a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се е достапна во папката ДОКУМЕНТИ, каде во делот „Изберете документ“ ја избирате опцијата **Барање за запишување на семестар по истек на рок** (од **2024г**)
b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **Запишување на семестар по истек на рок** | | |

**ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ:**

Секој студент што запишува зимски семестар е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во зимскиот семестар, според следните правила:

- Во секој семестар студентот запишува предмети со **најмногу** 35 кредити, а најмалку 21 кредит,
- При запишувањето на семестарот студентот **прво** ги запишува не положените задолжителни и изборни предмети од претходниот зимски семестар, потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, при што вкупните студиски обврски во семестарот не надминуваат 35 кредити. Се замолуваат студентите строго да ги почитуваат правилата за запишување на предметите. Во спротивно корекцијата на избраните предмети ќе биде направена административно од страна на Одделението за студентски прашања.
- Студентот може да запише повеќе од 35 кредити, само доколку ги исполнува следниве услови: положени предмети и реализирани кредити од сите претходно запишани семестри со просечна оценка најмалку 8,5. Студентот кој ги исполнува овие услови и сака да запише поголем број кредити од 35, поднесува Барање за одобрување на запишување поголем број кредити до продеканот за настава на МФС (во писмена форма со уплата од 50,00 ден. за адм. т-са, преку архивата на Факултетот).

**НАПОМЕНА:** Ќе бидат разгледувани доставените молби за запишување на повеќе од 35 кредити само на оние студенти кои ги исполнуваат погоре наведените услови.

- При запишување на предметите, потребно е да бидат исполнети предусловите дефинирани со предметните програми. Истите се веќе внесени во системот на iKnow.

2. **Доставување на документите од 25.9 до 02.10.2024 година во Одделението за студентски прашања.**

Комплетните документи, студентот ги доставува на шалтерите на Одделението за студентски прашања **исклучиво по завршување на електронското пријавување** во системот iKnow и валидација на истото, согласно точка 1 од ова соопштение.

| Студиска година | Денови во кои треба да се доставаат документите |
|---|---|
| II | 25.9 и 26.9.2024 во период од 12:00 до 14:00 часот |
| III | 27 и 30.9.2024 во период од 12:00 до 14:00 часот |
| IV | 1 и 2.10.2024 во период од 12:00 до 14:00 часот |

Студентите кои нема да ги почитуваат предвидените рокови, уписот на семестарот ќе може да го реализираат со поднесување молба за задоцнет упис и надомест, согласно Анексот на Правилникот за студирање на УКИМ за надоместоци. Истото важи и за студентите кои ќе се пријават електронски, но нема да достават комплетни документи во Одделението за студентски прашања во предвидениот рок. При тоа, тие ќе бидат избришани и од електронската евиденција.

I. **<u>ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:</u>**

1. Индекс
   (во кој треба да бидат впишани предметите што студентот ќе ги слуша во зимски семестар во учебната 2024-25 година и истите се **валидирани** од студентската служба преку системот iKnow).

   **Валидација** на запишаните предмети е постапка во која Одделението за студентски прашања ги проверува условите за запишување на предметот кои студентот го предлага за запишување согласно студиската програма. Доколку сите услови за запишување на предметот се исполнети, Одделението за студентски прашања го дозволува тоа преку валидација. Кога валидацијата е завршена, студентот истото може да го види во делот ПРЕДМЕТИ, Единствено по завршена валидација опцијата за електронско плаќање станува активна преку појавување на копчето ПЛАТИ.

ВАЖНО: **Доколку индексот е во Одделението за студентски прашања заради нерегулирани обврски во претходниот семестар, прво ќе се завршат заостанатите обврски со**

**заверка/упис на претходниот семестар, а потоа ќе се примаат документите за новиот зимски семестар 2024/2025.**

Потписите за сите запишани предмети во летниот семестар 2023/2024 треба да бидат регулирани во iKnow системот. За регулирани обврски при заверка на семестар се смета кога студентот ги има добиено сите потписи во iKnow системот.

2. Статистички лист за учебната 2024/2025 год (ВОИ-20) (од книжарница)

3. Потврда за **сите потребни уплати** за заверка и запишување на семестар.

**За разлика од претходните уписи на семестар, опцијата за електронско плаќање преку iKnow системот е достапна од учебната 2024/2025 година.**

## II. ПОТРЕБНИ УПЛАТИ:

1. Уплата од **150,00** ден. за трошоци за запишување и заверување на семестар
   a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се појавува во посебен дел во папката ПРЕДМЕТИ заедно со уплатите за партиципација/школарина.
   b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600103689 788 18** | | |
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | Запишување и заверување на семестар | | |

**ЗАБЕЛЕШКА: Од овој семестар студентот нема обврска да доставува обрасци за заверка и запишување на семестар во хартиена форма. Системот iKnow автоматски го генерира Образецот за заверка на летниот семестар 2023/2024, Образецот за запишување на зимскиот семестар 2024/2025 и Образецот за заверка на зимскиот семестар 2024/2025.**

2. Уплата за партиципација/школарина

   Висината на школарината што треба да ја уплати студентот кој што е во **државна квота**

(**партиципација**) се пресемтува на следениот начин:

**Број на ЕКТС кредити што ги запишува студентот x 205,00 денари**

Висината на школарината што треба да ја уплати студентот кој што е во **приватна квота** (**школарина**) се пресемтува на следениот начин:

**Број на ЕКТС кредити што ги запишува студентот x 410,00 денари**

a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се појавува во посебен дел во папката ПРЕДМЕТИ заедно со уплатите за партиципација/школарина.
Уплатата за партиципација/школарина **електронски** преку iKnow системот се активира **по валидација** на запишаните предмети од страна на Одделението за студентски прашања.

b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **723012** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **Партиципација/школарина XY* кредити** | | |

*Се впишува вкупниот број на кредити кои ги запишувате во овој семестар. На пример: 30

3. Уплата во износ од **750,00** ден. ИКСА за УКИМ за МФС

a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се појавува во посебен дел во папката ПРЕДМЕТИ заедно со уплатите за партиципација/школарина.
Уплатата за партиципација/школарина **електронски** преку iKnow системот се активира **по валидација** на запишаните предмети од страна на Одделението за студентски прашања.

b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | |
|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600103689 788 18** | | |
| Приходна шифра: | **723012** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | ИКСА за УКИМ за МФС | | |

4. Уплата за Материјални трошоци поврзани со реализација на спецификите на наставата во износ од **950,00** ден.
   a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се појавува во посебен дел во папката ПРЕДМЕТИ заедно со уплатите за партиципација/школарина.
   b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **Материјални трошоци поврзани со реализација на специфики на наставата** | | |

5. Уплата за On-line сервиси, web апликации и софтвери поврзани со реализација на специфики на наставата во износ од **900,00** ден.
   a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се појавува во посебен дел во папката ПРЕДМЕТИ заедно со уплатите за партиципација/школарина.
   b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | |
|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје |
| Банка на примач: | НБРМ |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **On-line сервиси, web апликации и софтвери поврзани со реализација на специфики на наставата** | | |

**<u>ЗА СТУДЕНТИТЕ КОИ ПРЕЗАПИШУВААТ ПРЕДМЕТИ:</u>**

Студентите кои заклучно со август-септемвриската испитна (вклучувајќи го дополнителниот испитен рок) сесија не ги положиле испитите од зимскиот семестар од претходната учебна година, должни се истите да ги презапишат и да извршат дополнителна уплата согласно инструкциите подолу:

1. Во висина од **1200,00** ден. за секој **првпат** презапишан предмет.
2. Во висина од **3000,00** ден. за секој **вторпат, третпат** и **повеќе пати** презапишан предмет.

c. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се е достапна во папката ДОКУМЕНТИ, каде во делот „Изберете документ" ја избирате опцијата **Барање за дополнителна услуга (од 2024г**).
Доколку презапишувате предмет по првпат, ја одбирате опцијата: **Барање за дополнителна услуга (од 2024г) (1200).**
Доколку презапишувате предмет по втор, трет и повеќе пати ја одбирате опцијата: **Барање за дополнителна услуга (од 2024г) (3000).**

d. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **725939** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **Надоместокот за обезбедување на ресурси за реализација на настава на презапишани предмети на прв циклус студии** | | |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАЗЛИЧНИ КАТЕГОРИИ НА СТУДЕНТИ

**Студенти кои ги положиле сите испити, а го запишуваат/презапишуваат само дипломскиот труд**

1. Индекс;

2. Потврда за уплатени **150,00** ден. Трошоци за запишување и заверување на семестар со назнака: **запишување и заверка на семестар.** (во зимскиот семестар 2024/2025 се запишува само дипломскиот труд). За начинот на уплата види точка II.1.
3. Потврда за извршена уплата од 1000,00 ден. на сметка на МФС со цел на дознака: административен трошок за запишување на семестар.
    a) **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се е достапна во папката ДОКУМЕНТИ, каде во делот „Изберете документ“ ја избирате опцијата: **Барање за административно регулирање на ретроактивен семестар (од 2024г).**
    b) Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **Административен трошок за запишување на семестар** | | |

4. Статистички лист за учебната 2024/2025 година (ВОИ 20) (од книжарница)

**ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ:**

1. Студентите кои плаќањето на финансиските обврски за летниот семестар 2023/2024 го реализираат на **повеќе рати**, потребно е да достават уплатница со реализирана уплата на ратата што недостасува на жиро-сметка на Факултетот.

2. Студентите можат да ја користат **можноста за онлајн плаќање преку iKnow системот**.Во делот за запишување на нов семестар на студентската страна, на студентот **ќе му биде прикажан износот кој треба да го плати** како школарина (според бројот на запишани кредити), како и на сите други дополнителни плаќања за соодветниот зимски/летен семестар, вклучувајќи ја и провизијата, **откако избраните запишани предмети ќе бидат валидирани од Одделението за студентски прашања**. Преку iknow системот **НЕ МОЖЕ** да се реализира плаќање на **рати**. Со клик на копчето "Плати онлајн" студентот се пренасочува кон страната за онлајн плаќања на која треба да ги внесе информациите за својата дебитна/кредитна картичка.

3. Студентот **нема право да ги полага** испитите по оние предметите за кои не се исполнети академските обврски (**нема потпис во iKnow**). Доколку овие предмети се задолжителни, студентот е должен да ги запише и ислуша во следната учебна година, а ако се изборни студентот може да ги презапише истите или да ги замени со нови изборни предмети.

4. Студентот може да поднесе **молба за промена на веќе избран изборен предмет**, најдоцна до **18.10.2024** година (петок), односно непосредно по почетокот на зимскиот семестар, со доставување на молба со 50 ден. административна такса преку архивата на Факултетот и надомест од 1.500,00 денари (согласно Анексот на Правилникот за студирање на УКИМ за надоместоци).

   a. **Уплатата можете да ја направите електронски** преку iKnow системот. Истата ви се е достапна во папката ДОКУМЕНТИ, каде во делот „Изберете документ" ја избирате опцијата **Барање за промена на изборен предмет** (**од 2024г**).
   b. Истата може да се реализира и со користење на **Образец ПП50**. Во тој случај уплатата се врши согласно следните инструкции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на примачот: | УКИМ – Машински Факултет-Скопје | | |
| Банка на примач: | НБРМ | | |
| Трансакциска сметка: | **100000000063095** | | |
| Сметка на корисник: | **1600104278 788 11** | | |
| Приходна шифра: | **723019** | програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **ромена на изборен предмет** | | |

5. Студент кој ги положил сите предмети и го запишал дипломскиот труд во претходната академска година, истиот треба да го одбрани најдоцна до 30.09.2024 година (понеделник). Во спротивно, за да го задржи статусот редовен студент тој е должен да запише зимски семестар 2024/2025 според обврските што му преостануваат до дипломирање.

**Преминување од државна квота во квота со школарина (кофинансирање)**

1. Согласно Правилата за студирање, студентот го губи статусот на студент запишан во државна квота (квота со партиципација) и ги продолжува студиите во квота со школарина (квота со кофинансирање) ако:

- еден предмет запише по трет пат,
- не освои најмалку 50% од запишаните ЕКТС кредити во соодветниот зимски/летен семестар од претходната учебна година. Оваа одлука се однесува при запишување на сите наредни зимски/летни семестри.

Скопје, 23.09.2024 година